# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА


Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

2 Јуни 2022
Скопје
Број 7, година XVII
contact@kiselavoda.gov.mk


**Скопје, Јуни, 2022 година**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување - измена и дополнување за 2022 година на ЈДГ „8 Март" на Општина Кисела Вода во Град Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за давање согласност на Годишниот план за вработување - измена и дополнување за 2022 година на ЈДГ „8 Март" на Општина Кисела Вода во Град Скопје, донесен на Десеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 10 мај 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-5443/1
02.06.2022година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/2014) и член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Десеттата пленарна седница одржана на 10 мај 2022 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување измена и дополнување за 2022 година на ЈДГ „8ми Март“ на Општина Кисела Вода во Град Скопје**

1. Со овој Заклучок се дава согласност на Годишниот план за вработување измена и дополнување за 2022 година на ЈДГ „8ми Март“ на Општина Кисела Вода во Град Скопје.

2. Заклучокот да се достави до Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура и до ЈДГ „8ми Март“ на Општина Кисела Вода во Град Скопје

3. Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“

Број 09-4387/3
26 април 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за прифаќање на донација - атмосферска канализација на ул. „Св. Наум Охридски" населба Пржино во Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за прифаќање на донација - атмосферска канализација на ул. „Св. Наум Охридски" населба Пржино во Општина Кисела Вода, донесена на Десеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 10 мај 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 5443/2
02.06.2022година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р

Врз основа на член 4 од Закон за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/2006; 86/2008; 51/2011; 28/2014 и 153/2015), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М.“ бр. 5/2002) и член 34, став 1, точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Десеттата пленарна седница одржана на 10 мај 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за прифаќање на донација - атмосферска канализација на ул. “Св. Наум Охридски„**
**населба Пржино во Општина Кисела Вода**

**Член 1**

*Со оваа Одлука се прифаќа донацијата - атмосферска канализација на ул. “Св.Наум Охридски„ населба Пржино во Општина Кисела која се дава од А.Д. „ЕНЕРГОМОНТ“ - Скопје, во вкупна вредност од 3.853.349,00 денари со вклучен ДДВ.*

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кисела Вода да го потпише договорот за донација со А.Д. „ЕНЕРГОМОНТ“ - Скопје во насока на спроведување на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-4387/4
26 април 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за давање правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Кисела Вода, кој е во надлежност на Општината**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за давање правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Кисела Вода, кој е во надлежност на Општината, донесена на Десеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 10 мај 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 5443 /3
02.06.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р

Врз основа на член 22, став 1, точка 4 и член 64, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија"број 5/02), согласно член 11, став 2 од Законот за енергетска ефикасност („Службен весник на РСМ" бр. 32/20 и 110/21) како и член 34, став 1, точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Десеттата пленарна седница одржана на 10 мај 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Кисела Вода, кој е во надлежност на Општината**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Кисела Вода, кој е во надлежност на Општината, од страна на основачот на ЈП КИСЕЛА ВОДА КВ Скопје (во понатамошниот текст-корисникот).

**Член 2**

Правото на користење на мрежата на јавното осветлување од членот 1 на оваа Одлука опфаќа располагање со мрежата на јавното осветлување, грижа за неговата уреденост и тековното одржување на електричната мрежа на јавно осветлување од страна на корисникот.

**Член 3**

Правото на користење на мрежата на јавно осветлување го сочинуваат:

- Приклучоци од категорија LV1. 1 – јавно осветлување светилките за улично осветлување, кои се определени како броила од категоријата LV1. 1 поставени во сите урбани и месни заедници на територијата на Општина Кисела Вода, кои се во надлежност на Општината.

- Нисконапонска надземна и подземна мрежа за горенаведените броила.

Листата со местата на потрошувачка за приклучоците од ставот 1 на овој член е составен дел на оваа Одлука.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кисела Вода, да склучи договор со корисникот на ова право, со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски за доделенето правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Кисела Вода.

По склучувањето на договорот, одговорното лице на давателот на ова право ќе поднесе барање до надлежниот орган за промена на корисник за местата на потрошувачка од листата од член 3 став 1 на оваа Одлука.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-4387/5
26 април 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за формирање на Општински совет за превенција на детско претстапништво на Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за формирање на Општински совет за превенција на детско претстапништво на Општина Кисела Вода, донесена на Десеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 10 мај 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 5443/4
02.06.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р

Врз основа на член 158, 159 и 162 од Законот за правда за децата (Службен весник на Република Македонија бр.148/2013, бр.152/2019 и бр.275/2019), член 34, став 1, точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Десеттата пленарна седница одржана на 10 мај 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за формирање на Општински совет за превенција на детско претстапништво на Општина Кисела Вода**

**Член 1**

Се формира Општински совет за превенција на детско претстапништво на Општина Кисела Вода, за следење на состојбите, покренување иницијативи за нивното подобрување и развивање на програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детското престапништво и третманот на деца сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци.

**Член 2**

Општински совет за превенција на детско претстапништво на Општина Кисела Вода го сочинуваат следните членови:

- Благоја Стојановски -Помошник Командир во ПСОН „Кисела Вода",
- Стојче Димовски - Помошник Командир на превенција во ПСОН „Драчево",
- Лидија Штерјов - од Министерството за труд и социјална политика,
- Маја Илиевска - од Јавна Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа - Скопје,
- Адвокат Гордана Каркалашева Трајковска - од Адвокатската Комора на РМ,
  Ана Гоговска Јакимовска јавен обвинител при Основното јавно обвинителство Скопје,
- Судија Весна Костова Спасеска - судија за деца од Основен суд Скопје 1 - Скопје,
- Тања Јовановска - претставник од Советот на родители од ЈДГ„Весели Цветови„ - Скопје,
- Благоја Драганов - претставник од Советот на родители од ЈДГ„ 8 Март„ - Скопје,
- Павлинка Пановска - претставник од Советот на родители од ОУ „Невена Георгиева-Дуња„ - Скопје,
- Диме Поповски - претставник од Советот на родители од ОУ „Круме Кепески" - Скопје,
- Ана Јоциќ Битољану - претставник од Советот на родители од ООУ„Кузман Јосифовски-Питу" Кисела Вода Скопје,
- Ѓурѓица Јованова Пиштолова - претставник од Советот на родители од ОУ„Кирил Пејчиновиќ" Кисела Вода-Скопје,
- Татјана Пешиќ Николовски - претставник од Советот на родители од ООУ„Партенија Зографски" Кисела Вода-Скопје,
- Наташа Бабулова Ангелеска- претставник од Советот на родители од ЦОУ„Рајко Жинзифов„н.Драчево Скопје,

- Гоце Бошковски - претставник од Советот на родители од ОУ„Кузман Шапкарев"н.Драчево Скопје,
- Магдалена Весковски - претставник од Советот на родители од ОУ„ Св.Климент Охридски" с.Драчево-Скопје,
- Весна Бошковска - претставник од Советот на родители од СЕПУГС„Васил Антевски - Дрен" Скопје, и
- Катерина Ивановска - претставник од Советот на родители од СУГС „Браќа Миладиновсци" Скопје .
- Николче Николовски – претставник од Советот на Општина Кисела Вода,
- Никола Илиевски - претставник од Советот на Општина Кисела Вода,
- Тодор Костадиновски - претставник од Советот на Општина Кисела Вода,

Членовите се именуваат за време од пет години, со право на повторен избор, и на истите не им следи надомест за членувањето и работењето во Општинскиот совет за превенција на детско претстапништво на Општина Кисела Вода.

**Член 3**

Со Општински совет за превенција на детско претстапништво на Општина Кисела Вода претседава претседател избран од редовите на членовите, со мандат од две години, со право на повторен избор.

**Член 4**

Општински совет за превенција на детско претстапништво на Општина Кисела Вода донесува:

- Годишна програма за својата работа што ја усвојува Советот на Општина Кисела Вода, и
- Деловник за својата работа.

За својата работа Општински совет за превенција на детскопретстапништво на Општина Кисела Вода најмалку еднаш годишно го известува Советот на Општина Кисела Вода и Државниот совет за превенција на детско престапништво.

Годишната програмата на Општински совет за превенција на детско претстапништво на Општина Кисел Вода се финансира врз основа на финансиски план од буџетот на општината и од други средства.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за формирање на Општински совет за превенција на детско претстапништво на Општина Кисела Вода 07-85/5 од 27 мај 2014 година, донесена од Советот на Општина Кисела Вода.

Број 09-4387/5
26 април 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за измена на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за стопанисување со спротски сали и спортски објекти "Кисела Вода КВ" Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за измена на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за стопанисување со спротски сали и спортски објекти "Кисела Вода КВ" Скопје, донесена на Десеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 10 мај 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 5443/5
02.06.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р

Врз основа на член 22, став 1, точка 4, член 24 став 1 и член 36, став 1, точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 6, член 15 став 1, точка 4, член 17 и член 18 од Законот за Градот Скопје ("Службен весник на РМ" бр.55/2004 и 158/2011) а согласно член 1, член 9 и член 10 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019; 275/2019; 82/2020; 89/2022), член 9, став 1 и став 2 од Законот за комуналните дејности ("Службен весник на РМ" бр. 95/2012; 163/2013; 42/2014; 44/2015; 147/2015; 31/2016; 64/2018; 302/2020), а во врска со член 16, став 1, точка 4, чен 18, член 34, став 1, точка 18 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Десеттата пленарна седница одржана на 10 мај 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измена на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за стопанисување со спротски сали и спортски објекти "Кисела Вода КВ" Скопје Бр.09-6484/8 27.07.2018 година**

**Член 1**

Во одлуката за основање на Јавно претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти "Кисела Вода КВ" Скопје бр.09-6484/8 од 27.07.2018 година, ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.7/2018), членот 2 се менува и гласи:

"Јавното комунално претпријатије се основа за вршење на дејности од јавен интерес чие вршење е во надлежност на општината.

Главна дејност на јавното комунално претпријатие е стопанисување со спортски сали и спортски објекти во надлежност на општината.

Покрај главната дејност јавното комунално претпријатие ги врши и следните дејности:

- Изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти,
- Собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен и инертен отпад, под што се подразбира собирање, селектирање, транспортирање и депонирање на уредени депонии, на територијата на општината,
- Одржување на јавна чистота, под што се подразбира чистење (миење и метење) на јавни површини во надлежност на општината, јавни и отворени простори на јавни објекти и чистење на снегот во зимски услови,
- Одржување, чистење и користење на паркови, зеленило, парк шуми и рекреативни површини во надлежност на општината на сервисните и станбените улици, под што се подразбира изградба, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација, косење на трева, како и сечење на дрва и гранки,

- Изградба и одржување на јавното осветлување на станбени и сервисни улици на подрачјето на општината и
- изградба, реконструкција, управување и одржување на гробиштата"

**Член 2**

Членот 3 се менува и гласи:
„Јавното комунално претпријатие со својство на правно лице ќе работи под фирмата:
Јавно комунално претпријатие КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ.
Скратенот име на јавното комунално претпријатие ќе гласи ЈКП КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ.

**Член 3**

Зборовите „ЈП Кисела Вода КВ Скопје" во членовите 5, 6, 7 и 8 од Одлуката за основање на на Јавно претпријатие за стопанисување со спротски сали и спортски објекти "Кисела Вода КВ" Скопје Бр.09-6484/8 27.07.2018 година, се менуваат со зборовите „ЈКП КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ".

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-4387/7
26 април 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Правилник за измена и дополна на правилникот за условите и критериумите за доделување награди за најдобри воспитувачи и негуватели од јавните детски градинки на Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Правилникот за измена и дополна на правилникот за условите и критериумите за доделување награди за најдобри воспитувачи и негуватели од јавните детски градинки на Општина Кисела Вода, донесен на Десеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 10 мај 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 5443/6
02.06.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002), а во врска со член 34, став 1, точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.10/2020), и Програма од надлежност В - предучилишно воспитување, Програма ВА - предучилишно воспитување, Советот на Општина Кисела Вода на Десеттата пленарна седница одржана на 10 мај 2022 година, донесе

**Правилник**
**за измена и дополна на правилникот за условите и критериумите за доделување награди за најдобри воспитувачи и негуватели од јавните детски градинки на Општина Кисела Вода**

**Член 1**

Насловот „Правилник за условите и критериумите за доделување награди за најдобри воспитувачи и негуватели од јавните детски градинки на општина Кисела Вода во Град Скопје" се менува и гласи: „Правилник за условите и критериумите за доделување награди за најдобри вработени – даватели на јавни услуги од јавните детски градинки на Општина Кисела Вода во Град Скопје"

**Член 2**

Членот 1 се менува и гласи: Со овој Правилник се регулираат условите и критериумите за доделување награди за најдобри вработени – даватели на јавни услуги од јавните детски градинки на Општина Кисела Вода – ЈДГ „Весели Цветови" и ЈДГ „8 Март", формирање и надлежност на Комисиите за спроведување на постапката и избор (во натамошниот текст: Комисијата).

**Член 3**

Во глава II, член 4, табелата се дополнува на начин што се додаваат нови точки и тоа 7, 8, 9, 10, 11, 12:

- Кандидатите треба да ги исполнат следните општи услови и критериуми

| **Ред. Бр.** | **Критериуми** | **Поени** |
|---|---|---|
| **7. Стручен работник – Дипломиран Педагог** | ● ја планира педагошката и згрижувачко-воспитната работа и учествува во изготвување на Програмата и Извештајот за работа;<br>● дава инструктивно – педагошка помош на децата, родителите, воспитувачите и негователките и води соодветна евиденција, изготвува прегледи, извештаи, препораки; | **2,4,6,8,10,12** |
| **8. Стручен работник - Дипломиран социјален работник** | ● остварува тесна соработка со родителите на децата кои имаат проблем во однесувањето на деца со посебни потреби, на деца на разведени родители се со цел да се заштити психо-социјалниот развој на | **2,4,6,8,10,12** |

| | | |
|---|---|---|
| | детето;<br>● остварува непосредна соработка со децата со проблеми во однесувањето со цел да го насочи детето на правилно однесување и снаоѓање во средината во која живее; | |
| **9._Стручен работник - Дипломира н дефектолог** | ● работи на откривање и следење на деца со посебни потреби;<br>● врши индивидуален дефектолошки третман кај децата со посебни потреби; | **2,4,6,8,10,12** |
| **10. Стручен работник - Дипломира н логопед** | ● врши идентификување на пречки во говрот и корекција на говорната патологија кај децата;<br>● врши корекција на говорната патологја кај децата-развојна дизфазија, алалија, дислалија (сигматизам, ротацизам, ламбацизам итн...); | **2,4,6,8,10,12** |
| **11._Стручен соработник-Музички педагог** | ● подготвува музички содржини, компонира музички содржини, изготвува кореографии за музички игри за реализација на активностите од јавната и културната дејност на јавната детска градинка;<br>● изведувањето на активностите по музичко воспитување го врши во согласност со Годишната програма и план на воспитувачите по воспитни групи; | **2,4,6,8,10,12** |
| **12._Стручен соработник – општа медицинска сестра** | ● води евиденција за евентуалните заразни заболувања и одговорна е за обезбедување на епидемиолошки мерки;<br>● врши надзор на хигиената во просториите каде претстојуваат децата, на санитарните чворови, кујната, магацинот за храна и другите простории. | **2,4,6,8,10,12** |

**Член 4**

Во останатиот дел од Правилникот, текстот останува непроменет.

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-4387/8
26 април 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Иван Петровски**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош на Иван Петровски, донесена на Десеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 10 мај 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 5443/7
02.06.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ„ бр.5/02), член 34, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.1/2020), а согласно Правилникот за критериумите, постапката и износот за доделување на еднократна парична помош ("Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.2/2022), расправајќи по барањето на Иван Петровски бр.09-3436/1 од 04.04.2022 година, Советот на Општина Кисела Вода на Деветтата пленарна седница одржана на 10 мај 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување средства како еднократна парична помош**
**на Иван Петровски**

**Член 1**

Се прифаќа Барањето бр.09-3436/1 од 04.04.2022 година на Иван Петровски, со живеалиште на ул.„Саса" бр.56 б, Скопје за доделување на еднократна парична помош. Се доделуваат парични средства во износ од 30.000 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода.

**Член 2**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-4387/9
26 април 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Теодора Несторoска**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош на Теодора Несторoска, донесена на Десеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 10 мај 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 5443/8
02.06.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ„ бр.5/02), член 34, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.1/2020), а согласно Правилникот за критериумите, постапката и износот за доделување на еднократна парична помош (“Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.2/2022), расправајќи по барањето на Теодора Несторoска бр.09-4138/1 од 26.04.2022 година, Советот на Општина Кисела Вода на Деветтата пленарна седница одржана на 10 мај 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување средства како еднократна парична помош**
**на Теодора Несторoска**

**Член 1**

Се прифаќа Барањето бр.09-4138/1 од 26.04.2022 година на Теодора Несторoска, со живеалиште на ул.„Емил Зола“ бр.9-1/1, Скопје за доделување на еднократна парична помош. Се доделуваат парични средства во износ од 18.000 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода.

**Член 2**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-4387/10
26 април 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Душан Душановски**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош на Душан Душановски, донесена на Десеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 10 мај 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 5443/9
02.06.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ„ бр.5/02), член 34, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.1/2020), а согласно Правилникот за критериумите, постапката и износот за доделување на еднократна парична помош ("Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.2/2022), расправајќи по барањето на Душан Душановски бр.09-3823/1 од 14.04.2022 година, Советот на Општина Кисела Вода на Деветтата пленарна седница одржана на 10 мај 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување средства како еднократна парична помош**
**на Душан Душановски**

**Член 1**

Се прифаќа Барањето бр.09-3823/1 од 14.04.2022 година на Душан Душановски, со живеалиште на ул.„Сердарот" бр.25, Скопје за доделување на еднократна парична помош. Се доделуваат парични средства во износ од 12.000 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода.

**Член 2**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-4387/11
26 април 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Гордана Јовчевска**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош на Гордана Јовчевска, донесена на Десеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 10 мај 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 5443/10
02.06.2022година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ„ бр.5/02), член 34, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.1/2020), а согласно Правилникот за критериумите, постапката и износот за доделување на еднократна парична помош ("Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.2/2022), расправајќи по барањето на Гордана Јовчевска бр.09-3248/1 од 31.03.2022 година, Советот на Општина Кисела Вода на Деветтата пленарна седница одржана на 10 мај 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување средства како еднократна парична помош**
**на Гордана Јовчевска**

**Член 1**

Се прифаќа Барањето бр.09-3248/1 од 31.03.2022 година на Гордана Јовчевска, со живеалиште на ул.„Милан Мијалковиќ" бр.16, Скопје за доделување на еднократна парична помош. Се доделуваат парични средства во износ од 12.000 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода.

**Член 2**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-4387/12
26 април 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Дејан Брљанов**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош на Дејан Брљанов, донесена на Десеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 10 мај 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 5443/11
02.06.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ„ бр.5/02), член 34, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.1/2020), а согласно Правилникот за критериумите, постапката и износот за доделување на еднократна парична помош (“Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.2/2022), расправајќи по барањето на Дејан Брљанов бр.09-3880/1 од 15.04.2022 година, Советот на Општина Кисела Вода на Деветтата пленарна седница одржана на 10 мај 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување средства како еднократна парична помош**
**на Дејан Брљанов**

**Член 1**

Се прифаќа Барањето бр.09-3880/1 од 15.04.2022 година на Дејан Брљанов, со живеалиште на ул.„Ѓорѓи Сугаре“ бр.8/2-1, Скопје за доделување на еднократна парична помош. Се доделуваат парични средства во износ од 12.000 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода.

**Член 2**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-4387/13
26 април 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р

С О Д Р Ж И Н А:


1. Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување - измена и дополнување за 2022 година на ЈДГ „8 Март“ на Општина Кисела Вода во Град Скопје;
2. Одлука за прифаќање на донација - атмосферска канализација на ул. „Св. Наум Охридски“ населба Пржино во Општина Кисела Вода;
3. Одлука за давање правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Кисела Вода, кој е во надлежност на Општината;
4. Одлука за формирање на Општински совет за превенција на детско претстапништво на Општина Кисела Вода
5. Одлука за измена на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за стопанисување со спротски сали и спортски објекти “Кисела Вода КВ” Скопје;
6. Правилник за измена и дополна на правилникот за условите и критериумите за додекување награди за најдобри воспитувачи и негуватели од јавните детски градинки на Општина Кисела Вода;
7. Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Иван Петровски; (30.000 денари, лице со посебни потреби)
8. Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Теодора Нестороска; (18.000 денари, болест, карцином)
9. Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Душан Душановски; (12.000 денари, болест, тумор)
10. Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Гордана Јовчевска; (12.000 денари, болест, карцином)
11. Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Дејан Брљанов; (12.000 денари, болест, карцином)